


# 100 ДЕНА ВЛАДА

## - ПЕРЦЕПЦИИ НА ГРАЃАНИТЕ НА РМ -

IDSCS
Институт за демократија
Социетас цивилис - Скопје

МЦМС
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Издавачи**
Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС)
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачите**
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Димче Митрески, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС

**Автори**
Марко Трошановски и Миша Поповиќ

**Подготовка и обработка на податоци**
Миша Поповиќ

**Лектура**
Даниел Медароски

ISBN 978-608-4617-48-8

Скопје, ноември 2011 г.

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на издавачите на овој извештај.

**ИДСЦС/МЦМС**

Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

# Содржина

ПРЕДГОВОР .......... 4

РЕЗИМЕ .......... 5

АНАЛИЗА НА АНКЕТНИТЕ РЕЗУЛТАТИ .......... 7

1.Општи перцепции за работата на Владата .......... 7

2. Конкретни владини политики и проекти .......... 10

ПРИЛОГ 1: МЕТОДОЛОГИЈА .......... 16

ПРИЛОГ 2: ПРАШАЛНИК .......... 17

ПРИЛОГ 3: ПРИМЕРОК .......... 20

# ПРЕДГОВОР

Институтот за демократија (ИДСЦС), во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), спроведе телефонска анкета помеѓу 4 и6 ноември 2011 година. Тема на истражувањето беше мерење на перцепциите и ставовите на граѓаните за работата на Владата на Република Македонија. Непосреден повод беше навршувањето сто дена од воспоставувањето на Владата.

Целта на истражувањето беше да се измери јавното мнение по низа прашања за да може да се заокружи општа слика за довербата на граѓаните кон Владата и нејзината работа, како и ставови во врска со низа релевантни прашања кои произлегуваат од политичкиот живот во Македонија.

Придобивката од ова истражување е додавањето емпириски податоци во јавната дебата со што се помага аргументираното оценување на општествените случувања во земјата.

Темите кои ги одбравме како прашања за испитување претставуваат збир од прашања за кои ние сметаме дека се релевантни за оценување на работата на Владата на Република Македонија. Во еден дел тоа се ставови поврзани со исполнување програми и политики кои Владата ги определува како стратешки цели. Во останатиот дел се општествено значајни прашања за кои Европската комисија (во својот последен извештај) посочува дека треба дополнително да се работи. На крајот е издвоен проектот „Скопје 2014“ како проект околу кој постоеше интензивна јавна дебата и проект со значителен удел во јавната потрошувачка.

Содржински, истражувањето е конципирано во два генерални дела. Во првиот дел „Општи перцепции“ се испитува општиот впечаток за работата на Владата и министерствата. Дополнително се испитува и впечатокот за области за кои Владата посветува најмногу внимание, како и области во кои испитаниците би преферирале да се посветува најмногу внимание. Во вториот дел „Владини политики и проекти“ се испитува согласност со ставови поврзани со работата на владата на конкретни политики и проекти, а поврзани со стратешките цели или прашања за кои таа на некој начин била критикувана.

Во продолжение следува извештај во кој се појаснуваат резултатите и изведуваат општи заклучоци за јавното мнение по овие теми.

МЦМС
Александар Кржаловски
Димче Митрески

ИДСЦС
Владимир Мисев

# РЕЗИМЕ

**Граѓаните се генерално задоволни од Владата**

На генерално ниво, мнозинството од граѓаните ја одобруваат работата на Владата.  Сепак оваа поддршка е помалку евидентна кога испитаниците се прашани за конкретни политики и проекти на Владата.

**Владини стратешки приоритети – три од пет позитивно оценети**

Од аспект на подобрување на евроатлантските интеграции, меѓуетничките односи и борбата против криминалот и корупцијата, мнозинството граѓани (51,1% - 56,5%) сметаат дека владата работи добро.  По другите декларирани стратешки цели од страна на Владата - економскиот развој и образованието  мислењето кај јавноста е поделено. Граѓаните се поделени и околу политичкиот однос на Владата во врска со подобрувањето на инфраструктурата.

**Граѓаните  начелно сметаат дека Владата не прави доволно за реформите во јавната администрација, судството и  слободата на медиумите**

Јавноста не се согласува дека Владата прави сè што е неопходно по однос на клучните забелешките упатени во последниот извештај на ЕК. Таков став имаат мнозинство од граѓаните по однос на реформите на судството, јавната администрација, како и слободата на медиумите.

**Министерството за здравство - мајка и маќеа за етничките Македонци; за етничките Албанци, Министерство за правда најдобро, а Министерството за економија, најлошо оценето**

Министерството за здравство истовремено е најдобро и најлошо оценето во својата работа од страна македонската јавност. Политичката поларизираност на граѓаните влијае на овој став на јавноста. Кај албанските испитаници најдобро рангирано е Министерството за правда, додека своето незадоволство најмногу го изразиле кон Министерството за економија. Половина од испитаниците, не посочиле конкретни министерства. Во оваа група две третини сметаат дека ниту едно министерство не работи добро/добро работи.

**Економската состојба заеднички приоритет, етничките Албанци за исклучително важно го сметаат и образованието**

Економската состојба е најголем заеднички приоритет на граѓаните, без оглед на етничка или партиска припадност. Тоа што може да се забележи кај преференциите на етничките албански испитаници е дека образованието има висок приоритет што не е случај кај етничките Македонци.

**Повеќето граѓани го поддржуваат Скопје 2014; тие што не го прифаќаат, сметаат дека парите можеа да се искористат поинаку**

Мнозинство од граѓаните го поддржуваат проектот Скопје 2014.  Ставовите по ова прашање се исклучително поларизирани - или им се допаѓа или не им се допаѓа, што произлегува од партиската наклонетост на граѓаните. Од оние што не им се допаѓа, две третини сметаат дека парите можеле да се искористат на друго место.  Ова е заедничка перцепција, без оглед на етничката припадност и предничи пред естетските или етничките причини за неприфаќање на проектот.

**Опозиција-власт/ два паралелни политички света, неопределените умерени**

Преовладува силна политичка поларизација на ставовите за повеќето прашања. Перцепцијата за политичката реалност е исклучително спротивна кај партиските симпатизери од различни табори. По повеќето прашања, испитаниците не успеваат да се издигнат над својата партиска наклонетост. Од аспект на структура на ставови, партиските симпатизери покажуваат слична конзистентност (доследност), но тврдокорноста (ригидноста) на ставовите е поизразена кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ. Половината од испитаниците, кои се изјасниле како партиски неопределени, покажуваат умереност во ставовите и перцепциите.

**Етничките Албанци доминантно критички**

Без разлика на партиската припадност, тоа што може да се констатира кај етничките Албанци е повисоко ниво на критичност. Прашани за општ впечаток, симпатизерите на ДУИ се благо критички кон Владата, но прашани за владините политики, тие се изразено критички.

# АНАЛИЗА НА АНКЕТНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

## 1. Општи перцепции за работата на Владата

Запрашани за нивните перцепции во врска со работата на Владата, **повеќето од половина испитаници** (54,1 %) одговориле дека **ја одобруваат**. **Малцинство граѓани (37,8)** рекле дека **не го одобруваат тоа што го работи** македонската влада. Во рамките на партиската припадност, 95,6 % од испитаниците што одговориле позитивно се симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ, додека 12 % се симпатизери на СДСМ. Од оние граѓани што **ја поддржуваат** Владата, **најголем процент** се оние кои се **партиски неопределени (42,8 %)**, додека втори се симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (**39,8 %).** Од оние кои не ја поддржуваат владата, најбројни се, повторно, **неопределените граѓани (56,9 %),** како и испитаниците наклонети кон **СДСМ ( 17,1%)** и **ДУИ (11 %).** Мнозинство од етничките Македонци ја поддржува работа на владата, додека мнозинство од етничките Албанци дале негативен одговор.

**Табела 1. Дали ја одобрувате или не ја одобрувате работата на Владата?**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ја одобрувам | 54, 1% | 60 % | 36,2% | 95,6% | 12,9% | 43,5% | 11,5 % | 45,2% |
| Не ја одобрувам | 37,8 % | 30 % | 61, 5% | 3,2% | 84,7% | 54,1% | 88, 2% | 42,0% |
| Не знам | 8,1% | 9,9% | 3,2 % | 1,2% | 2,4% | 2,4% | | 12,8% |
| Вкупно | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

По ова прашање речиси половина од испитаниците (46,2 %) не се определија за еден (или два) конкретни одговора. Во овие рамки големо мнозинство етнички Албанци немаат одговор, додека мнозинство етнички Македонци сметаат дека **ниедно министерство не работи добро,** наспроти малцинство од етничките Албанци кои се апсолутно незадоволни. Од оние испитаниците кои дале конкретни одговори, **најдобро беше оценето Министерството за здравство** за кое се изјасниле **25,3 % од испитаниците**. Најголем процент (32,9 %) од етничките Македонци гласале токму за ова министерство. **Второрангирано кај испитаниците е Министерството за внатрешни работи 15,6 % и потоа Министерство за правда 11,2 %**. Етничките албански испитаници во најголем процент го избрале Министерството за правда (**28 %)**, додека **за Министерството за внатрешни работи 22 %** од оваа етничка заедница рекле дека најдобро ја работи својата работа.

**Табела 2. Според вас, кое министерство најдобро ја работи својата работа? (до два одговори)**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МНР | 8,5 % | 10,1% | 4,9% | 9,0% | 5,3% | 4,6% | 10,0% | 9,2% |
| МО | 9,0% | 5,2% | 17,7% | 3,6% | 0,6% | 16,9% | 10,0% | 9,6% |
| МВР | 15,6% | 12,6% | 22,0% | 13,9% | 21,2% | 16,9% | 20,0% | 15,8% |
| МП | 11,2% | 3,3% | 28,0% | 1,8% | 5,3% | 32,3% | 30,0% | 11,3% |
| МТВ | 4,7% | 4,9% | 4,3% | 5,4% | 0,6% | 1,5% | 0,6% | 5,4% |
| МЕ | 8,0% | 6,8% | 9,8% | 6,6% | 15,8% | 9,2% | 10,0% | 7,5% |
| Министерство за здравство | 25,3% | 32,9% | 11,6% | 35,5% | 15,8% | 12,3% | 20,0% | 24,6% |
| МФ | 8,5% | 10,7% | 4,3% | 14,5% | 5,3% | 3,1% | | 6,7% |
| СРД | 0,2% | 0,3% | 9,8% | 0,6% | | | | |
| Секретаријат за европски прашања | 0,9% | 0,8% | 11,6% | 1,2% | 5,3% | | | |
| Секретаријат за економски прашања | 0,4% | 0,5% | 4,3% | 0,6% | | | | 0,4% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МИО | 0,9% | 1,1% | | 1,2% | | | 10,0% | 0,8% |
| МОН | 6,3% | 7,4% | | 7,8% | 5,3% | 9,2% | 10,0% | 4,2% |
| МЛС | 0,2% | | 0,6% | | | | | 0,4% |
| МК | 3,1% | 4,7% | 4,3% | 4,8% | | | | 3,3% |
| МТСП | 2,7% | 3,8% | 0,6% | 3,6% | 5,3% | | | 2,5% |
| МЖП | 0,4% | 0,3% | 0,6% | | | | | 0,8% |
| Министерство за земјоделие | 5,2% | 7,1% | 0,6% | 6,6% | 15,8% | | | 4,2% |
| Вкупно | 111,0 % | 112,5% | 135% | 116,7% | 101,6% | 106% | 120,6% | 106,7% |

И во овој случај околу половина од испитаниците се изјасниле со конкретен одговор. Од нив, **23,9 % рекле дека Министерството за здравство и Министерството за економија (19,3 %) најлошо ја работат својата работа.** Според етничка структура на испитаниците, постојат разлики во ставовите кон министерствата. **Етничките Албанци се најнезадоволни од Министерството за економија (34,9 %) и Министерството за внатрешни работи (19,3 %), додека етничките Македонци од Министерството за здравство.**

**Табела 3. Според вас, кое министерство најлошо ја работи својата работа? (до два одговори).**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МНР | 5,9 % | 6,1% | 5,2% | 6,5% | 7,7% | 5,3% | 15,4% | 4,5% |
| МО | 2,8% | 2,1% | 3,3% | 2,2% | 2,6% | 4,0% | | 3,1% |
| МВР | 14,5% | 10,3% | 19,3% | 8,7% | 15,4% | 25,3% | 15,4% | 14,4% |
| МП | 10,3% | 8,5% | 13,2% | 12,0% | 12,8% | 9,3% | 7,7% | 9,2% |
| МТВ | 4,4% | 5,8% | 2,4% | 4,3% | 5,1% | 1,3% | | 5,5% |
| МЕ | 19,3% | 10,3% | 34,9% | 5,4% | 17,9% | 37,3% | 30,8% | 18,5% |
| Министерство за здравство | 23,9% | 30,0% | 15,1% | 28,3% | 28,2% | 12,0% | 15,4% | 24,3% |
| МФ | 5,4% | 6,7% | 3,3% | 6,5% | 7,7% | 5,3% | | 5,1% |
| СРД | 1,0% | 0,9% | 0,9% | 1,1% | | | | 1,4% |
| Секретаријат за европски прашања | 0,7% | 1,2% | | 1,1% | | | | 1,0% |
| МИО | 0,7% | 0,6% | 0,9% | | | | | 0,7% |
| МОН | 10,1% | 8,5% | 13,7% | 10,9% | 12,8% | 8,6% | 15,4% | 8,2% |
| МЛС | 0,5% | 0,3% | 0,9% | | | 1,3% | | |
| МК | 3,5% | 0,6% | 3,8% | 2,2% | | 2,7% | 7,7% | 4,1% |
| МТСП | 7,0% | 9,1% | 1,9% | 14,1% | 5,1% | | 15,7% | 6,2% |
| МЖП | 1,2% | 1,8% | 0,9% | 1,1% | | | | 2,1% |
| Министерство за земјоделие | 3,7% | 5,8% | 0,9% | 5,4% | 2,6% | | | 4,8% |
| Вкупно | 114,8 % | 108,3% | 120,6% | 109,8% | 117,9% | 112,4% | 123,5% | 113,1% |

Според перцепциите на граѓаните, Владата на РМ најмногу внимание посветува на **економската состојба** (37,6 %) и **здравствената заштита** (17,9 %). И по ова прашање нема **приближување помеѓу етничките заедници**, односно постојат разлики во нивните перцепции. **44 % од етничките Македонци** кои дале конкретен одговор на ова прашање ја споделуваат истата перцепција за **економската состојба** како област на која Владата најмногу внимава. Дополнително, кај етничките Албанци постои одредена дифузија на одговорите, така што по околу четвртина од испитаните сметаат дека **областите на економска состојба, образование, здравствена заштита, како и социјалната заштита/пензиите добиваат внимание.** Перцепциите на испитаниците на етничко ниво се

одразуваат и на ниво на партиска припадност, т.е. постои одредена аналогија. Кај симпатизерите на албанските политички партии постојат повеќе перцепции за тоа кои се приоритетите, додека симпатизерите на македонските политички партии, без разлика, сметаат дека најголемо внимание добива економската состојба.

**Табела 4. На која од следниве области Владата им посветува најмногу внимание?**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Економска состојба | 37,6% | 44,0% | 23,9% | 46,5% | 33,3% | 23,8% | 9,1% | 37,3% |
| Здравствена заштита | 17,9% | 15,7% | 25,0% | 17,2% | 10,3% | 20,6% | 36,4% | 15,8% |
| Образование | 13,8% | 9,3% | 25,0% | 9,6% | 5,1% | 25,4% | 27,3% | 13,3% |
| Социјална заштита и пензиите | 9,6% | 5,2% | 21,2% | 3,5% | 5,1% | 19,0% | | 12,4% |
| Земјоделие и рурален развој | 13,0% | 16,5% | 1,1% | 22,2% | 17,9% | 1,6% | 9,1% | 8,5% |
| Транспорт и инфраструктуа | 5,6% | 6,9% | 2,7% | 5,6% | 20,5% | | 18,2% | 5,5% |
| Енергетика | 0,1% | | 0,5% | | | | | 0,3% |
| Заштита на животна средина | 0,4% | 0,2% | 1,1% | | | 1,6% | | 0,6% |
| Одбрана | 0,7% | 1,0% | | 0,5% | | | | 0,9% |
| Јавен ред имир | 1,4% | 2,0% | | 2,0% | 2,6% | | | 1,5% |
| Правосудство | 0,8% | 0,8% | 1,1% | 1,0% | | 1,6% | | 0,9% |
| Јавна администрациј а | 1,7% | 1,8% | 1,1% | 1,0% | 2,6% | 1,6% | | 1,8% |
| Домување и живеалишта | 0,4% | 0,2% | 0,5% | | | | 9,1% | 0,3% |
| Надворешна политика | 7,6% | 6,9% | 9,2% | 6,1% | 5,1% | 6,3% | 9,1% | 8,5% |
| Вкупно | 110,7 % | 110,5% | 112,4% | 115,2% | 102,5% | 101,5% | 118,3% | 107,6% |

Најголем дел од **испитаниците, лично, очекуваат Владата да посвети најголемо внимание на економската состојба (58,6 %)**. Втора област на која се очекува да ѝ се посвети внимание од страна на Владата е образованието (20,3 %), а трета е здравствената заштита (18,5 %). Според партиската афилијација, постои **начелно преклопување во личните очекувања на симпатизери на различни политички партии**, така што симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ **(61,1 %)** и на СДСМ **(63,2 %)** сметаат дека економската состојба заслужува најголемо внимание. Истиот приоритет го имаат и симпатизерите на партиите на етничките Албанци. Сепак, во споредба со македонските испитаници, албанските даваат поголемо внимание на образованието. Во оваа насока, мнозинството од симпатизерите на ДУИ сметаат дека образованието заслужува внимание, **додека незначително малцинство кај симпатизерите на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ** го има истиот приоритет.

**Табела 5. На која од следниве области вие лично очекувате од Владата да посветува најмногу внимание?**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО- | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | ДПМНЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Економска состојба | 58,6% | 64,7% | 41,8% | 61,1% | 63,3% | 44,7% | 52,9% | 60,0% |
| Здравствена заштита | 18,5% | 17,7% | 21,5% | 18,8% | 9,2% | 22,4% | 35,3% | 16,2% |
| Образование | 20,3% | 10,2% | 48,8% | 13,1% | 10,5% | 52,9% | 29,4% | 16,2% |
| Социјална заштита и пензиите | 12,1% | 10,2% | 16,8% | 9,2% | 13,2% | 11,8% | 5,9% | 14,1% |
| Земјоделие и рурален развој | 6,4% | 7,6% | 1,2% | 7,9% | 10,5% | 2,4% | | 6,4% |
| Транспорт и инфраструктура | 2,3% | 2,8% | 1,6% | 2,2% | 2,6% | | | 3,1% |
| Енергетика | 0,4% | 0,4% | 0,4% | 0,4% | | | | 0,4% |
| Заштита на животна средина | 0,9% | 0,3% | 2,7% | 0,9% | | | 5,9% | 0,4% |
| Одбрана | 0,3% | 0,3% | | | | | | 0,6% |
| Јавен ред имир | 0,4% | 0,6% | | | | | | 0,8% |
| Правосудство | 1,1% | 1,4% | | 2,2% | 1,3% | | | 1,0% |
| Јавна администрација | 0,6% | 0,8% | | 0,0% | 1,3% | | | 1,0% |
| Домување и живеалишта | 0,9% | 0,8% | 1,2% | 0,4% | 1,3% | | | 1,8% |
| Надворешна политика | 3,4% | 2,6% | 5,5% | 4,4% | 1,3% | 4,7% | 5,9% | 2.5% |
| Вкупно | 126,1 % | 120,4% | 141,5% | 120,6% | 114,5 % | 138,9 % | 135,3 % | 124,5% |

## 2. Конкретни владини политики и проекти

Општо земено, делот од граѓаните што се согласуваат со оваа изјава е речиси еднаков со делот од граѓаните кои не се согласуваат. Интересен е фактот што 34 **% од невработените граѓани сметаат дека владата прави сѐ што е неопходно**, но сепак **63,5 % од граѓаните делумно или воопшто не се согласуваат**. Разлики има и по етничка припадност и по партиска афилијација. Мнозинство од етничките Македонци ја поддржуваат оваа изјава, додека мало малцинство од етничките Албанци се согласуваат со неа. Значителна етничка разлика постои и според незадоволствотоод владината работа за подобрување на економскиот раст и вработеноста. Во оваа насока **големо мнозинство (82,1 %) од етничките Албанци не се согласуваат** со изјавата. Кај симпатизерите на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ постои големо поклопување со официјалната позиција на партијата согласно нејзиното (не)учество во власта. Сепак, интересно е да се напомене дека **22,4 % од симпатизерите на СДСМ (делумно или целосно) се согласуваат со позитивниот однос на Владата за подобрување на економскиот раст и вработеноста.** Кај симпатизерите на ВМРО_ДПМНЕ, 91 % **се согласуваат со изјавата, додека** големо мнозинство од симпатизерите на ДУИ смета дека Владата не прави сѐ што е неопходно во оваа насока.

**Табела 6. Колку се согласувате со следната изјава: „Владата прави сѐ што е неопходно за зголемување на економскиот раст и вработеноста во земјата“?**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосно се согласувам** | 24,1% | 31,0% | 2,7% | 61,2% | 2,4% | 5,9% | | 15,3% |
| **Делумно се согласувам** | 23,2% | 26,3% | 14,0% | 30% | 20% | 12,9% | | 22% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Делумно не се согласувам** | 17,1% | 10,3% | 39,7% | 3,6% | 10,6% | 36,5% | 35,3% | 18,6% |
| **Воопшто не се согласувам** | 32,9% | 29,0% | 42,4% | 3,2% | 65,9% | 44,7% | 64,7% | 40,1% |
| **Не знам** | 2,7% | 3,3% | 1,2% | 2% | 1,2% | | | 4% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

**Граѓаните се поделени околу поддршката за владината работа во врска евроатлантските интеграции**. Речиси половина од испитаниците се согласуваат со изјавата, додека другата половина смета дека владата не прави сè што е неопходно за интеграција во ЕУ и во НАТО. Сепак, оваа рамноправност не се отсликува погледнато низ етничката призма, бидејќи **големо мнозинство од етничките Албанци (77,8 %) не се согласуваат** со оваа изјава, додека мнозинство од етничките Македонци (60,7 %) одговориле позитивно. Претходно констатираната рамномерна поделеност на граѓаните по ова прашање се изразува и кај партиски неопределените испитаници, **додека симпатизерите на опозициската СДСМ** (70,6 % не се согласуваат со изјавата) **и владејачката ВМРО-ДПМНЕ** (92 % се согласуваат) **имаат целосно спротивни ставови.**

**Табела 7. Колку се согласувате со следната изјава: „Владата прави сè што е неопходно за интеграција на Македонија во ЕУ и во НАТО“?**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосно се согласувам** | 28,4% | 36,2% | 4,3% | 67,6% | 8,2% | 7,1% | 5,9% | 17,6% |
| **Делумно се согласувам** | 22,7% | 24,4% | 17,1% | 24,4% | 20% | 14,1% | 17,6% | 23,9% |
| **Делумно не се согласувам** | 17,1% | 11,2% | 35,4% | 4% | 9,4% | 28,2% | 35,3% | 20,9% |
| **Воопшто не се согласувам** | 27,7% | 22,7% | 42,4% | 2,4% | 61,2% | 50,6% | 41,2% | 30,8% |
| **Не знам** | 3% | 5,5% | 0,8% | 1,6% | 1,2% | | | 6,9 % |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

На прашањето во колкава мера се согласуваат со ставот дека Владата прави сè што може во борбата против корупцијата и криминалот, испитаниците се поделени на скоро еднакви половини. **Согласноста со овој став е поизразена со 30,2 % од испитаниците кои целосно се согласуваат со овој став и 21 % од испитаниците кои делумно се согласуваат**.

Ако се додаде етничката димензија, се гледа дека **етничките Албанци се изразено поскептични** кон овој став што се гледа и кај **симпатизерите на ДУИ** чии перцепции значително се разликуваат од оние на ВМРО-ДПМНЕ. Симпатизерите на опозициските партии имаат изразено несогласување со овој став.

**Табела 8: Колку се согласувате со ставот: „Владата прави сè што е неопходно за сузбивање на корупцијата и криминалот“?**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосно се согласувам** | 30,2% | 39,1% | 4,7% | 72,0% | 8,2% | 7,1% | | 20,4% |
| **Делумно се согласувам** | 21,0% | 20,8% | 20,2% | 16,8% | 20% | 28,2% | 23,5% | 21,6% |
| **Делумно не се согласувам** | 17,5% | 11,4% | 38,1% | 4,8% | 11,8% | 40,0% | 29,4% | 18,6% |
| **Воопшто не се согласувам** | 28,4% | 25,1% | 35,4% | 4,4% | 60,0% | 23,5% | 47,1% | 34,6% |
| **Не знам** | 3% | 3,6% | 1,6% | 2% | | 1,2% | | 4,7% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Истражувањето покажува дека **мнозинството од граѓаните се согласуваат со ставот дека Владата прави сè што е неопходно за одржување добри меѓуетнички односи.** Повеќе од половина, односно 56,5 % од испитаниците се согласуваат, додека 39,8 % не се согласуваат со овој став.

Меѓутоа, **етничката димензија, како и партиската припадност, откриваат позначајни разлики**. Додека 67,8 % од етничките Македонци се согласуваат со овој став, тоа е присутно кај мало малцинство од етничките Албанци. Во однос на партиската припадност, согласност со ставот е присутна кај големо мнозинство од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, но и кај мнозинство од неопределените. Во исто време мнозинство од

симпатизерите на СДСМ не се согласуваат со овој став, а несогласувањето е најизразено кај ДУИ (71,8 %) и ДПА (82,4 %).

**Табела 9: Колку се согласувате со ставот: „Владата прави сè што е неопходно за одржување добри меѓуетнички односи“?**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосно се согласувам** | 32,9% | 42,7% | 3,1% | 72% | 10,6% | 3,5% | 5,9% | 25,3% |
| **Делумно се согласувам** | 23,6% | 25,1% | 19,5% | 19,6% | 27,1% | 24,7% | 11,8% | 23,7% |
| **Делумно не се согласувам** | 17,1% | 9,6% | 40,9% | 2,8% | 10,6% | 38,8% | 41,2% | 19,3% |
| **Воопшто не се согласувам** | 22,7% | 18 % | 35,4% | 3,2% | 50,6% | 32,9% | 41.2% | 26,0% |
| **Не знам** | 3,7% | 4,7% | 1,2% | 2,4% | 1,2% | | | 5,6% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Испитаниците се исто така **преполовени околу согласноста со ставот дека Владата прави сè што е неопходно за реформите во образованието**. Имено, 48,7 % од испитаниците се согласиле со овој став, додека во сличен обем, 46,7 % од испитаниците не се согласуваат со овој став.

Повторно, етничката димензија открива разлики. Мнозинство од етничките Македонци се согласуваат со овој став, додека ист став има мало малцинство од етничките Албанци. Несогласувањето со ставот дека Владата прави сè што е неопходно е присутен кај мнозинството од неопределените, а најизразен е кај симпатизерите на СДСМ и на ДУИ (присутен со големи мнозинства во рамките на овие групи).

**Табела 10: Колку се согласувате со ставот: „Владата прави сè што е неопходно за спроведување успешни реформи во образованието“?**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосно се согласувам** | 29,5% | 38,5% | 2,3% | 68,8% | 5,9% | 5,9% | | 21,6% |
| **Делумно се согласувам** | 19,2% | 19,4% | 19,1% | 16,4% | 12,9% | 15,3% | 29,4% | 19,9% |
| **Делумно не се согласувам** | 18,6% | 11,4% | 41,6% | 5,2% | 11,8% | 45,9% | 23,5% | 20,4% |
| **Воопшто не се согласувам** | 28% | 25,3% | 36,2% | 6,8% | 65,9% | 32,9% | 41,2% | 31,6% |
| **Не знам** | 4,6% | 5,5% | 0,8% | 2,8% | 3,5% | | 5,9% | 6,5% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

На прашањето дали се согласуваат со ставот дека **Владата прави сè што е неопходно за реформа на судството, мнозинството од испитаниците не се согласуваат** со овој понуден став. Тој став е најизразен со големо мнозинство кај етничките Албанци, додека испитаните етнички Македонци се порамномерно распределени долж оваа скала на согласност со изнесениот став. Од нив, 49,8 % се согласуваат, додека 43,3 % не се согласуваат со ставот.

Мнозинство од партиски неопределените не се согласуваат со изнесениот став, а со слични негативни и во поголема мера застапени ставови се симпатизерите на СДСМ, на ДУИ и на ДПА. Наспроти ова, големо мнозинство од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ се согласуваат со ставот дека се прави сè што е неопходно за реформа на судството.

**Табела 11: Колку се согласувате со ставот: „Владата прави сè што е неопходно за успешна реформа во судството“?**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосно се согласувам** | 23,4% | 30,5% | 1,6% | 57,6% | 5,9% | 3,5% | | 15,6% |
| **Делумно се согласувам** | 18,4% | 19,2% | 15,2% | 22,4% | 10,6% | 16,5% | 11,8% | 18,5% |
| **Делумно не се согласувам** | 20,4% | 14% | 41,2% | 8% | 10,6% | 40% | 35,3% | 23% |
| **Воопшто не се согласувам** | 32,1% | 29,3% | 40,5% | 7,2% | 70,6% | 40% | 47,1% | 36% |
| **Не знам** | 5,8% | 6,9% | 1,6% | 4,8% | 2,4% | | 5,9% | 6,9% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

На сличен начин како и на претходното прашање, **мнозинство од испитаниците (50,9 %) не се согласиле со ставот дека Владата прави сè што е неопходно за реформа на администрацијата**. Во однос на етничката припадност, повторно се забележува разлика каде

мнозинство од етничките Македонци (51 %) се согласуваат со предложениот став, додека тоа е случај кај неполна петтина од етничките Албанци.

Мнозинство од неопределените не се согласуваат со понудениот став, а тоа е најизразено кај симпатизерите на СДСМ во чии рамки 69,4 % од испитаниците воопшто не се согласуваат. Несогласувањето со овој став е изразено и кај симпатизерите на ДУИ и на ДПА, додека симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ во големо мнозинство се согласуваат дека Владата прави сѐ што е неопходно за реформа на администрацијата.

**Табела 12: Колку се согласувате со ставот: „Владата прави сѐ што е неопходно за ефикасна јавна администрација“?**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосно се согласувам** | 23,2% | 30,1% | 2,3% | 56,4% | 5,9% | 3,5% | | 15,3% |
| **Делумно се согласувам** | 19,6% | 20,8% | 16,7% | 22,4% | 11,8% | 8,2% | 11,8% | 20% |
| **Делумно не се согласувам** | 20% | 15,3% | 34,6% | 9,6% | 11,8% | 35,3% | 35,3% | 22,8% |
| **Воопшто не се согласувам** | 30,9% | 26,2% | 44,4% | 6,8% | 69,4% | 50,6% | 47,1% | 33,6% |
| **Не знам** | 6,2% | 7,6% | 1,9% | 4,8% | 1,2% | 2,4% | 5,9% | 8,3% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

**Во однос на работата на Владата за подобрување на инфраструктурата, граѓаните се поделени**. Во општи рамки и во сличен обем, граѓаните се согласуваат со ставот дека се прави сѐ што е неопходно (49 %), додека во скоро ист размер (46,6 %) постојат граѓани кои не се согласуваат.

Со вкрстување на податоците од ова прашање со работниот статус на испитаникот може да се види **дека невработените се поскептични од вработените**, односно мнозинство од нив не се согласуваат со овој став (54,8 %). Споредено по етничка припадност, големо **мнозинство од етничките Албанци не се согласуваат со понудениот став**. Тоа се разликува од етничките Македонци, каде во рамките на оваа група, мнозинството испитаници се согласиле со ставот. Ставот го прифаќаат и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, додека симпатизерите на СДСМ, на ДУИ и на ДПА изразено не се согласуваат со понудениот став.

**Табела 13: Колку се согласувате со ставот: „Владата прави сѐ што е неопходно за подобрување на инфраструктурата во државата“?**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосно се согласувам** | 26,7% | 34,6% | 1,9% | 64,8% | 5,9% | 2,4% | | 18,1% |
| **Делумно се согласувам** | 22,3% | 23,9% | 16,3% | 20,4% | 21,2% | 16,5% | 23,5% | 23,2% |
| **Делумно не се согласувам** | 17,4% | 11,8% | 35,4% | 7,2% | 8,2% | 29,4% | 35,3% | 20% |
| **Воопшто не се согласувам** | 29,2% | 24,1% | 44,7% | 3,6% | 63,5% | 49,4% | 41,2% | 32,5% |
| **Не знам** | 4,4% | 5,6% | 1,6% | 4% | 1,2% | 2,4% | | 6,2% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

На прашањето дали се согласуваат со ставот дека **Владата работи сѐ што е неопходно за слободно функционирање на медиумите, мнозинство од испитаниците не се согласиле со изнесениот став**. Додека етничките Македонци се поделени околу ова прашање, несогласувањето е поизразено кај етничките Албанци. Големо мнозинство (78,4 %) од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ се согласуваат со ставот од прашањето. Две третини од неопределените не се согласуваат со понудениот став, а истото е случај и кај големо мнозинство во рамките на симпатизерите на СДСМ, на ДУИ и на ДПА.

**Табела 14: Колку се согласувате со ставот: „Владата прави сѐ што е неопходно за создавање услови за слободно функционирање на медиумите“?**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосно се согласувам** | 21,2% | 27,7% | 1,2% | 54,4% | 5,9% | 1,2% | | 12,7% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Делумно се согласувам** | 17,7% | 18,9% | 14% | 24% | 7,1% | 16,5% | 5,9% | 16% |
| **Делумно не се согласувам** | 16,4% | 12,7% | 28,4% | 10,8% | 7,1% | 18,8% | 23,5% | 19,3% |
| **Воопшто не се согласувам** | 39,8% | 34,6% | 54,9% | 6% | 78,8% | 62,4% | 64,7% | 45,2% |
| **Не знам** | 4,9% | 6,2% | 1,6% | 4,8% | 1,2% | 1,2% | 5,9% | 6,9% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

**Мнозинство од граѓаните не се согласуваат со ставот дека Владата направила сѐ што е неопходно за успешно спроведување на пописот.** Етничките Македонци и етничките Албанци го делат овој став. Сепак, тој е поизразен кај вторите со 87,9 %, наспроти 49,5 % во рамките на првата група. Слично како и на претходните прашања, симпатизерите на СДСМ, на ДУИ и на ДПА во голем обем не се согласуваат со ставот, додека тоа е случај кај две третини од неопределените.

**Табела 15: Колку се согласувате со ставот: „Владата направи сѐ што е неопходно за успешно спроведување на пописот “?**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосно се согласувам** | 20% | 25,8% | 1,6% | 52,4% | 1,2% | 2,4% | 5,9% | 12% |
| **Делумно се согласувам** | 14,6% | 16% | 10,1% | 19,2% | 4,7% | 10,6% | 5,9% | 13,7% |
| **Делумно не се согласувам** | 15,6% | 12,4% | 26,5% | 11,2% | 10,6% | 22,4% | 23,5% | 17,6% |
| **Воопшто не се согласувам** | 43,2% | 37,1% | 61,5% | 9,6% | 81,2% | 63,5% | 64,7% | 48,9% |
| **Не знам** | 6,6% | 8,7% | 0,4% | 7,6% | 2,4% | 1,2% | | 7,9% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

**Мнозинство од испитаниците (51,1 %) го прифаќаат проектот „Скопје 2014“ со поголема застапеност на екстремите на скалата („целосно“ и „воопшто не“).** Во однос на етничката припадност, **големо мнозинство од испитаните етнички Албанци не го прифаќаат проектот, додека 59,1 % од етничките Македонци го прифаќаат**. Една четвртина од етничките Албанци го прифаќаат проектот. Големи мнозинства на симпатизерите на СДСМ, на ДУИ и на ДПА не го прифаќаат проектот, како и мнозинство (53,3 %) од неопределените.

**Табела 16: Дали го прифаќате проектот Скопје 2014?**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Целосно го прифаќам** | 36,1% | 43,5% | 12,1% | 78,4% | 10,6% | 8,2% | 23,5% | 27,1% |
| **Делумно го прифаќам** | 15% | 15,5% | 14% | 12,8% | 9,4% | 14,1% | 5,9% | 15,8% |
| **Делумно не го прифаќам** | 10,4% | 8,6% | 15,6% | 2,8% | 10,6% | 9,4% | 11,8% | 14,4% |
| **Воопшто не го прифаќам** | 35,9% | 29,4% | 58,4% | 4,4% | 67,1% | 68,2% | 58,8% | 38,8% |
| **Не знам** | 2,6% | 3% | | 1,6% | 2,4% | | | 3,9% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Испитаниците кои на прашањето бр. 16 одговориле дека не го прифаќаат проектот „Скопје 2014“ (46,3 % од вкупниот број испитаници) беа прашани за причините за тој нивни став. Од нив, скоро **две третини (60,9 %) мислат дека парите можеле да се потрошат за други цели.** Една четвртина од прашаните етничките Албанци мислат дека проектот го нарушува етничкиот соживот, а **големо мнозинство од прашаните етнички Македонци истакнуваат дека парите можеле да се потрошат на друг начин. Со ова се согласуваат околу една третина од прашаните етнички Албанци**. По две третини од испитаните симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ и на неопределените ја истакнале оваа причина, додека тој став го делат 80,3 % од прашаните симпатизери на СДСМ. Истиот став е присутен кај една третина од прашаните симпатизери на ДУИ и на ДПА.

**Табела 17: Кои се причините?**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Парите можат да се потрошат на друго место** | 60,9% | 79,1% | 32,1% | 66,7% | 80,3% | 33,3% | 33,3% | 65,3% |
| **Се работи за злоупотреба и корупција** | 7,4% | 4,9% | 11,1% | 11,1% | 4,5% | 7,6% | 8,3% | 7,9% |
| **Естетски не ми се допаѓа** | 5,8% | 7,5% | 2,6% | 11,1% | 4,5% | 3% | | 6,3% |
| **Го нарушува мултикултурниот соживот** | 10,5% | 0,7% | 26,3% | | 3% | 21,2% | 8,3% | 7,9% |
| **Друго** | 15,4% | 7,8% | 27,9% | 11,1% | 7,6% | 34,8% | 50% | 12,5% |
| **Вкупно** | 100,0 % | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

# ПРИЛОГ 1: МЕТОДОЛОГИЈА

## МЕТОДОЛОГИЈА И ПРИСТАП

Испитувањето на јавното мислење е направено преку телефонска анкета од страна на ИДСЦС од 4 до 6 ноември 2011 г. на репрезентативен примерок од 1.110 испитаници со ± 3 % грешка.

Во извештајот незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 % и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Социо-демографските анализи за помалобројните социо-демографски групи поради нивното мало учество во националниот примерок не се коментирани во овој извештај.

Во извештајот во одредени табели не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите.

Прашањето за партиска наклонетост на испитаниците не треба да се толкува како прашање за рејтинзи на политичките партии.

**ПРИМЕРОК**

Анкетата е направена на репрезентативен национален примерок, а критериуми за репрезентативност беа: пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и изборна единица. Од 1.110 испитаници, 47,5 % беа мажи, а 52,5 % жени; во однос на етничката застапеност, 72,6 % од испитаниците беа Македонци, а 23,2 % Албанци, додека другите етнички групи беа застапени со 4,2 %. Во однос на местото на живеење, руралната популација беше застапена со 28,8 %, додека градската со 71,20 % ( од кои градот Скопје со 23,4 %).

Примерокот опфати 1.110 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и изборна единица.

# ПРИЛОГ 2: ПРАШАЛНИК

1. **Дали ја одобрувате или не ја одобрувате работата на Владата?**
    1. ја одобрувам
    2. не ја одобрувам
    3. не знам

2. **Според вас, кое министерство најдобро ја работи својата работа?** ***(до два одговори)***

3. **Според вас, кое министерство најлошо ја работи својата работа?** ***(до два одговори)***

4. **На која од следниве области Владата им посветува најмногу внимание?** ***(до два одговори)***
    1. Економската состојба
    2. Здравствената заштита
    3. Образованието
    4. Социјалната заштита и пензиите
    5. Земјоделството и руралниот развој
    6. Транспортот и инфраструктурата
    7. Енергетиката
    8. Заштитата на животната средина
    9. Одбраната
    10. Јавниот ред и мир
    11. Правосудството
    12. Јавната администрација
    13. Домувањето и живеалиштата
    14. Надворешната политика (интеграции во ЕУ/ НАТО, спорот со името)
    15. Друга
    16. Не знам
    0. Ниту една

5. **На која од следните области Вие лично очекувате од Владата да посветува најмногу внимание?** ***(до два одговори)***
    1. Економската состојба
    2. Здравствената заштита
    3. Образованието
    4. Социјалната заштита и пензиите
    5. Земјоделството и руралниот развој
    6. Транспортот и инфраструктурата
    7. Енергетиката
    8. Заштитата на животната средина
    9. Одбраната
    10. Јавниот ред и мир
    11. Правосудството
    12. Јавната администрација
    13. Домувањето и живеалиштата
    14. Надворешната политика (интеграции во ЕУ/ НАТО, спорот со името)
    15. Друга
    16. Не знам
    0. Ниту една

6. **Колку се согласувате со следната изјава: „Владата прави сѐ што е неопходно за зголемување на економскиот раст и вработеноста во земјата“?**
    1. Целосно се согласувам
    2. Делумно се согласувам
    3. Делумно не се согласувам
    4. Воопшто не се согласувам
    5. Не знам

7. **Колку се согласувате со следната изјава: „Владата прави сѐ што е неопходно за интеграција на Македонија во ЕУ и во НАТО“?**
    1. Целосно се согласувам
    2. Делумно се согласувам
    3. Делумно не се согласувам
    4. Воопшто не се согласувам
    5. Не знам

8. **Колку се согласувате со следната изјава: „Владата прави сѐ што е неопходно за сузбивање на корупцијата и криминалот “?**
    1. Целосно се согласувам
    2. Делумно се согласувам
    3. Делумно не се согласувам
    4. Воопшто не се согласувам
    5. Не знам

9. **Колку се согласувате со следната изјава: „Владата прави сѐ што е неопходно за одржување добри меѓуетнички односи“?**
    1. Целосно се согласувам
    2. Делумно се согласувам
    3. Делумно не се согласувам
    4. Воопшто не се согласувам
    5. Не знам

10. **Колку се согласувате со следната изјава: „Владата прави сѐ што е неопходно за спроведување успешни реформи во образованието“?**
    1. Целосно се согласувам
    2. Делумно се согласувам
    3. Делумно не се согласувам
    4. Воопшто не се согласувам
    5. Не знам

11. **Дали сметате Владата прави сѐ што е неопходно за успешна реформа во судството?**
    1. Целосно се согласувам
    2. Делумно се согласувам
    3. Делумно не се согласувам
    4. Воопшто не се согласувам
    5. Не знам

12. **Дали сметате Владата прави сѐ што е неопходно за ефикасна јавна администрација?**
    1. Целосно се согласувам
    2. Делумно се согласувам
    3. Делумно не се согласувам
    4. Воопшто не се согласувам
    5. Не знам

13. **Дали сметате дека Владата прави сѐ што е неопходно за подобрување на инфраструктурата во державава?**
    1. Целосно се согласувам
    2. Делумно се согласувам
    3. Делумно не се согласувам
    4. Воопшто не се согласувам
    5. Не знам

14. **Дали сметате дека Владата прави сѐ што е неопходно за создавање услови за слободно функционирање на медиумите?**
    1. Целосно се согласувам
    2. Делумно се согласувам
    3. Делумно не се согласувам
    4. Воопшто не се согласувам
    5. Не знам

15. **Дали сметате дека Владата направи сè што е неопходно за успешно спроведување на пописот?**
    1. Целосно се согласувам
    2. Делумно се согласувам
    3. Делумно не се согласувам
    4. Воопшто не се согласувам
    5. Не знам

16. **Дали го прифаќате проектот Скопје 2014?**
    1. Целосно го прифаќам
    2. Делумно го прифаќам
    3. Делумно не го прифаќам
    4. Воопшто не го прифаќам
    5. Не знам

17. **Кои се причините?**
    1. Парите може да се потрошат на друго место
    2. Се работи за злоупотреба и корупција
    3. Естетски не ми се допаѓа
    4. Го нарушува мултикултурниот соживот
    5. Друго

# ПРИЛОГ 3: ПРИМЕРОК

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 47,5 |
| Жена | 52,5 |

| Возраст | % |
|---|---|
| 18-29 години | 20,7 |
| 30-44 години | 24,9 |
| 45-59 години | 31,3 |
| Над 60 години | 23,2 |

| Етничка припадност | % |
|---|---|
| Македонска | 72,6 |
| Албанска | 23,2 |
| Турска | 0,8 |
| Ромска | 1,4 |
| Српска | 1,2 |
| Влашка | 0,3 |
| Бошњачка | 0,3 |
| Неопределен/а | 0,4 |

| Образование | % |
|---|---|
| Без образование | 0 ,4 |
| Недовршено основно образование | 3,8 |
| Основно образование | 17,9 |
| Средно образование | 47,4 |
| Вишо образование | 3,3 |
| Високо образование | 26,3 |
| Постдипломски студии | 0,7 |
| Не знам | 0,1 |
| Без одговор | 0,1 |

| Место | % |
|---|---|
| Село | 28,8 |
| Помал град | 22,4 |
| Поголем град | 25,3 |
| Скопје | 23,4 |

| Која политичка партија сметате дека дека ви е најблиска? | % |
|---|---|
| Ниту една | 51,3 |
| Не сакам да кажам | 7,9 |
| ВМРО-ДПМНЕ | 22,5 |
| СДСМ | 7,7 |
| ДУИ | 7,7 |
| ДПА | 1,5 |
| Други | 1,6 |

| Примарно занимање | % |
|---|---|
| Невработен/а | 29,7 |
| Пензионер | 19,4 |
| Професионален работник | 16,9 |
| Менаџер/директор | 1,5 |
| Сопственик на претпријатие | 2,2 |
| Студент/ка | 5,5 |
| Чиновник или канцелариски службеник | 5,0 |
| Продавач | 3,3 |
| Услужен персонал | 2,8 |
| Градежен/рударски работник | 2,1 |
| Работник во производство | 4,4 |
| Транспортен работник | 1,3 |
| Инсталатери или мајстори за поправки | 1,5 |
| Земјоделски/риболовни/шумарски работници | 2,2 |
| Друго | 1,8 |
| Не знам | 0,4 |

| Изборна единица | % |
|---|---|
| 1 | 15,7 |
| 2 | 18,1 |
| 3 | 16,7 |
| 4 | 17,1 |
| 5 | 16,2 |
| 6 | 16,2 |